**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-6684/**

# З А П И С Н И К

**Од 263.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 28.11.2024 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ**(скајп)**, Ведат Мемедалија-Заменик Претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-рРисте Панов**(скајп)**,Гајур Рамадани**,**Илир Рамадани,Златко Јанковски**(скајп)**,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска **(скајп),** Ивана Трајковска**(скајп)** и Анита Латифи**(скајп)**.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Дијана Гогова-Аатанасова-Одговорен уредник на Петти програмски сервис МТВ.

Седницата започна во 15.30 часот.
Заменик Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Ведат Мемедалија го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 262.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување на Информација за учеството на Јуниорскиот Евросонг 2024 во Мадрид,Шпанија.

3. Разно.

ТОЧКА1:**Разгледување и усвојување на записникот од 262.седница на Програмски совет на МРТ.**
Заменик Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Ведат Мемедалија го стави на разгледување записникот од 262.седница на Програмскиот совет на МРТ.
По расправата записникот од 262.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ по извршеното гласање едногласно **го усвои** записникот од 262.седница на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА2:**Разгледување на Информација за учеството на Јуниорскиот Евросонг 2024 во Мадрид,Шпанија.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Дијана Гогова-Аатанасова Одговорен уредник на Петтиот програмски сервис на МТВ, која пред присутните во своето излагање кажа дека Ана Ванчевска и Алексеј Ивановски беа изведувачите што ја претставуваа Македонија на овогодинешниот Јуниорски Евросонг 2024, кој се одржа во Мадрид од 09-17.11.2024 година.
Истите беа избрани по пат на аудиција која ја организираше МРТ како носител на лиценцата, а аудицијата се одржа на почетокот на месец јуни и на неа беа избрани дует како нешто ново бидејќи до сега сме избирале само по еден изведувач.
Лазар Цветковски е автор песната, Магдалена Цветковска е текстописец, Љупка Јакимовска оперски режисер го подготуваше самиот сценски настап.
Дијана Гогова истакна дека како шеф на делегацијата таму можам слободно да кажам дека поминавме одлично цела делегација таму без разлика што го освоивме 16.место, мора да се земе во предвид фактот што од жирито таму бевме рангирани на 10.место, но имаме дефинитвно проблем со гласањето кај нас во земјата, бидејќи е дозволено и да се гласа сами за себе онлајн и бесплатно, како и гласањето од дијаспората каде добивме минимален број гласови.
Членот Ивана Трајковска праша дали имаше одредено средства и буџет за маркетинг и промоција како овој цел проект би допрел до многу повеќе од граѓаните кај нас и во дијаспората и со тоа гласањето би било поголемо, бидејќи не можеме да расправаме за наредна година ако не учиме од грешките што сме ги направиле во оваа година.
Дијана Гогова-Аатанасова одговори дека конкретно само за маркетинг и промоција за оваа година немаше одредено буџет.
Потоа за збор се јави Снежана Клинчарова, која истакна дека годинава на детската евровизија имавме одлични изведувачи со извонредни гласовни можности и со преубава певлива композиција.Но заради лошиот ПР и недоволната информираност на граѓаните/публиката за настанот, за изведувачите, за песната, за спотот, за начинот на гласање, за кореографијата, за гардеробата, за севкупниот стајлинг и.т.н нашите деца и нивната песна завршија на претпоследно место.Ова го потврдија гласовите од жирито и високиот пласман на нашиот ,,Маратон”.
Во оваа пригода сакам да им забележам на сите уредници и водители на ТВ и радио емисиите во МРТ да престанат да се однесуваат како овој проект да е ТУЃ, а не проект на куќата со кој ја претставуваме државата.

**ТОЧКА4:Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред беа разгледани:
-Известување со бр.13-6529/1 од 18.11.2024 година на Одговорниот уредник на ППС на МРА Наташа Андреескa.
-Барање од ССНМ со бр.03-6665/1 од 27.11.2024 година.

Седницата заврши во 16.40 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

Ведат Мемедалија
заменик претседател